Д.П. бр. 05/18

ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Нада Прочкова, Снежана Таневска, Петар Аневски и Љубинка Башевска, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот Б.К. од С., по одржаната расправа согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во отсуство на нотарот, уредно канет, на ден 9.11.2018 год., ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Нотарот Б.К. од С., **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при вршење на нотарската служба во врска со потврдување на приватни исправи (солемнизација), составува потврда на приватна исправа, но не ги потпишува сите страници на приватната исправа која се потврдува (пример : предметот ОДУ бр. 411/17 и ОДУ бр. 425/17), со што постапила спротивно на член 40 став (3) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

О б р а з л о ж е н и е

Во предлогот за покренување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет на НКРМ од страна Министерството за правда, бр. 09-292/9 од 17.07.2018 год., се наведува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на одлуката сторила дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка нотарот во својата одбрана, изнесена писмено со поднесокот од 1.08.2018 год., наведува дека утврдените

неправилности веднаш се отстранети, односно потпишани се сите страници на приватните исправи кои се потврдени. Наведе дека во досегашниот период постапувала согласно со Законот за нотаријатот, и дека приватните исправи се потпишувани од нејзина страна, а наведените предмети се само исклучок во нејзиното работење.

За доказ се приложени фотокопии на списи ОДУ бр. 411/17 и ОДУ бр. 425/17;

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и изведените докази, Дисциплинскиот совет наоѓа дека:

Во постапката пред нотарот со нотарската исправа - потврда ОДУ бр. 411/17 од 4.10.2017 год., солемнизиран е договорот за дар на недвижен имот, склучен на ден 15.09.2017 год. меѓу Р. К. од С., како дарувач, и М. Ј. од Д., како даропримач, а под ОДУ бр. 425/17 од 18.10.2017 год., солемнизиран е договорот за продажба на недвижен имот склучен на ден 18.07.2017 год. меѓу Ѓ.М. од С., како продавач, и ДООЕЛ А. К. с. М. – Д., како купувач. Наведените приватни исправи се потпишани од страна на учесниците во правното дело меѓутоа, не се потпишани и од страна на именуваниот нотар, што е констатирано и од страна на комисијата за надзор на Министерството за правда при извршениот надзор над работење на нотарот на ден 23.01.2018 год. - записник бр. 09-292/4 од 21.02.2018 год.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет наоѓа дека нотарот при составувањето на наведените нотарски исправи не постапила во согласност со член 40 став (3) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ" бр. 72/16).

Имено, според наведената законска одредба на крајот од потврдата на приватната исправа, но над потписот на нотарот, со потпис и рачно напишано име и презиме се потпишуваат сите учесници кои улчествувале

при потврдувањето на приватната исправа. Доколку потврдата на приватаната исправа се состои од повеќе страници, нотарот и учесниците ја потпишуваат или парафираат секоја страница од потврдата и од приватната исправа, а на кој начин, во наведените предмети, нотарот не постапила.

Дисциплинскиот совет ја ценеше одбраната на нотарот, при што оцени дека со изнесената одбрана не се оспоруваат констатациите на подносителот на Предлогот за поведување на дисицплинска постапка туку само се појаснуваат причините поради кои постапила на понапред утврдениот начин.

Дисциплинскиот совет наоѓа дека во конкретниов случај именуваниот нотар ја има сторено дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот – „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа".

При одмерувањето на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 7 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го имаше предвид фактот дека нотарот досега не е дисциплински казнувана, дека со сторената дисциплинска повреда не причинета штета на учесниците, дека воочената грешка дополнително ја исправила, поради што е изречена дисциплинска мерка – јавна опомена.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ја повтори воочената грешка и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на одлуката согласно член 33 став (1) точка 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

**ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ НА НКРМ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА: против одлуката
може да се поведе управен спор
во рок од 30 дена по приемот на
истата;
ДН: Нотарот;
Архивата;